Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 01-1400/1
23.04 2026 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), и член 28 став (2) точка 5 од Законот културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013,44/2014, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/2024), директорот на Националната установа Национална опера и балет, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во Националната установа Национална опера и балет**

# I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се вршат измени во Правилникот за внатрешна организација во Националната установа Национална опера и балет, со архивски број 01-1685/2 од 27.08.2020, 01-2955/1 од 30.08.2022 и 01-2927/1 од 09.07.2025 година.

Член 2

Во член 4, точка 2.4. Сектор за маркетинг и односи со јавност, документација и продажба на билети, потточките 2.4.1. Оддел за маркетинг и односи со јавност, 2.4.2. оддел за документација, 2.4.3. оддел за продажба на билети, се бришат.

Член 3

Во член 5, точка 2. Стручни служби, ставот (4), се менува и гласи:

„(4) Во Секторот за маркетинг, односи со јавност и документација, се вршат следниве работи и задачи:

- подготовка на информации за јавноста во врска со програмата и други настани во реализација на Националната опера и балет,
- организирање конференции за печат, радио и ТВ, и остварување контакти со надворешни физички и правни лица,
- креирање на содржини за социјалните мрежи,
- водење на веб страната на установата,
- водење на онлајн кампањи и дигитален маркетинг,
- подготовка на материјали за рекламен материјал,
- спроведување на истражувања во врска со афинитети на публиката за оперско балетската уметност,
- остварување контакти за договорања на спонзорства и следење на нивната реализација,
- реализација на договорите поврзани со маркетингот,
- ажурирање на историскиот архив и документација на Националната опера и балет,
- создавање, прибирање, обработување и чување: плакатотека, фототека, дискотека, магнетотека, филмотека, сценографски и костимографски скици, списанија и печатени материјали во врска со Националната опера и балет и програмата за работа на Националната опера и балет,
- соработување со стручни и научни библиотеки,

- подготовка на информации во врска со продажбата на билети,
- следење на реализација на договорите поврзани со продажба на билети,
- вршење анализи во врска со утврдување на цена и категоризација на билетите и подготовка на извештаи за резултатите од извршената анализа,
- организирање и продажба на билети, подготовка на извештаи за релизираната продажба,
- организирање на распоредот на публика и работата на гардеробата за публика,
- подготвување извештаи за работењето на секторот.

Член 4

Согласно извршените промени во интегралниот текст на актот се прави промена и во графичкиот приказ на организационата поставеност на Националната опера и балет (органограм).

Член 5

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Управниот одбор и Министерството за јавна администрација.

Директор
Оливер Арсовски

Бр. 01------/1
.2026

# НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ

- Самостојна единица за поддршка на директорот - дирекција на Национална опера и балет
- Сектор за ИТ поддршка
- Самостојна единица за внатрешна ревизија

- Сектор за административно правни и кадровски работи
  - одделение за административно правни работи и
  - одделение за човечки ресурси
- Сектор за материјално финансиски работи и сметководство,
  - одделение за сметководство и
  - одделение за материјално финансиски работи
- Сектор за јавни набавки

- Опера
  - оддел за уметничко раководење
  - оддел за уметничко техничка поддршка
  - оперски солисти
  - оркестар
  - хор
- Балет
  - оддел за уметничко раководење
  - оддел за уметничко техничка поддршка
  - балетски играчи

- Сектор за маркетинг и односи со јавност, документација и продажба на билети

Сценска техника
1. оддел за сценски работи,
1.1.единица за декор
1.2.единица за реквизита
1.3.единица за техничко одржување и манипулација на сцена
1.4.единица за светло
1.5.единица за тон и видео
2.оддел за изработка на сценска опрема
2.1.единица за сликарско вајарски работи
2.2.единица за дрводелски работи
2.3.единица за тапетарски работи
3.оддел за костимирање
3.1.единица за шивачки работи
3.2.единица за шапкарски работи
3.3.единица за одржување, сликање и патинирање на костими
3.4.единица за чевларски работи
3.5.единица за шминка, перики и маскирање
3.6.единица за костимска гардероба
4.оддел за безбедност и ППЗ, хигиена и општо одржување
4.1.единица за општо одржување и хигиена
4.2.единица за безбедност и ППЗ.